# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

28-ти мај 2021 година, Гевгелија | Број 6 | Година XXXX

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.g

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), одредбите од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21), член 62 и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 27.05.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА

**за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект: „Изградба на зафатна градба, пумпна станица и доводен цевковод до постоечки резервоар во село Ума, Општина Гевгелија”**

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат средства за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект: **„Изградба на зафатна градба, пумпна станица и доводен цевковод до постоечки резервоар во село Ума, Општина Гевгелија”**. Носител на проектот е Општина Гевгелија.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за водоводот во село Ума, во износ од 3.500.000 денари.

**Член 3**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-872/1
27.05.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ бр.05/02год.) и член 38 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за кофинансирање на проекти на Граѓански организации во рамките на јавните повици организирани преку Регионалната програма за локална демократија 2 (ReLOaD2)**

**Член 1**

Заради потребата од аплицирање на Јавен повик од УНДП за локална демократија, Советот на Општина Гевгелија одобрува кофинансирање од 20% од вкупниот износ на средства за ГО што треба да бидат распределени на општината во рамките на ReLOaD2 проектот.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за поддршка на проекти на Граѓански организации коишто ќе се спроведуваат на територијата на општината и ќе одговорат на потребите на граѓаните.

**Член 3**

Оваа одлука влегува на сила од денот на нејзино донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-873/1
27.05.2021год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 158 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19 и 275/19 год.) и член 38 став (1) точка 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 27.05.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија

### член 1

Се формира Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија, за следење на состојбите, покренуваат иницијативи за нивното подобрување и развиваат програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на деца сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

### член 2

Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија го сочинуваат 16 члена.

Членови на општинскиот совет се претставници на:

- Подрачните единици на Министерството за внатрешни работи - 1 претставник,
- Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Гевгелија - 1 претставник,
- Советот на родители во основните училишта - 4 претставника,
- Советот на родители на средното училиште - 1 претставник,
- Унијата на средношколци - 1 претставник,
- Адвокатската комора на Република Македонија - 1 претставник,
- Здруженија и фондации - 1 претставник,
- Јавниот обвинител кој работи во областа на детската деликвенција - 1 претставник,
- Судијата за деца од Судовите од општа надлежност или судија кој ќе го определи претседателот на Судот - 1 претставник,
- Советот на Општина Гевгелија - 3 претставника и
- Општинска администрација - 1 претставник.

Членовите се именуваат за време од пет години, со право на повторен избор.

### член 3

Со Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија претседава претседател избран од редот на членовите, со мандат од две години, со право на повторно именување.

**член 4**

Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија донесува:

- годишна програма за својата работа што ја усвојува Советот на Општината и
- деловник за својата работа.

За својата работа Општинскиот совет најмалку еднаш годишно го известува Советот на Општината и Државниот совет за превенција на детско престапништво.

**член 5**

Се задолжува општинската администрација, до институциите од член 2, да достави барање за номинирање на нивни претставници во Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија.

**член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-874/1
27.05.2021 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен гласник на РМ" бр.05/02год.), а во врска со член 64 став (5) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14.....104/19 и 146/19 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност за зголемување на бројот на деца во групите во ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија**

1.Со ова Решение се дава согласност за зголемување на бројот на деца во воспитните групи во ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија, односно воспитните групи за деца до двегодишна возраст да имаат максимум 15 деца.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

бр.09-875/1
27.05.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен гласник на РМ" бр.05/02год.), а во врска со член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 148/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешната организација на ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија**

1.Со ова Решение се дава согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешната организација на ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија, донесен и предложен од Управниот одбор на детската установа под бр.02-136/6 од 21.05.2021 година

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

бр.09-876/1
27.05.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен гласник на РМ" бр.05/02год.), а во врска со член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 148/18год. и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20 год.), и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија**

1.Со ова Решение се дава согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ

"Детска радост" – Гевгелија, донесен и предложен од Управниот одбор на оваа детска установа под бр.02-136/7 од 21.05.2021 година

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

бр.09-877/1
27.05.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ бр.143/2019 и 14/2020), член 59-д став (1) од Законот за средно образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018, и "Службен весник на РСМ бр.229/2020 год.) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 27.05.2021 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2022 год. на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, бр.01-395/1 од 18.05.2021 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-878/1
27.05.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов,с.р.**

---

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ бр.143/2019 и 14/2020год.), член 84 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ бр. 161/2019 и бр.229/2020) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 27.05.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

1.Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2022 год. на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, бр.01-197/1 од 11.05.2021 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-879/1
27.05.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ бр.143/2019 и 14/2020), член 84 од Законот за основно образование ("Сл. Весник на РСМ" бр. 161/2019 и бр.229/2020) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 27.05.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

1.Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2022 год. на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија, бр.01-181/1 од 17.05.2021 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-880/1
27.05.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ бр.143/2019 и 14/2020), член 84 од Законот за основно образование ("Сл. Весник на РСМ" бр.161/2019 и бр.229/2020 год.) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 27.05.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

1.Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2022 год. на ООУ "Климент Охридски"-Миравци, бр.01-152/1 од 12.05.2021 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09- 881/1
27.05.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ бр.143/2019 и 14/2020 год.), член 84 од Законот за основно образование ("Сл. Весник на РСМ" бр. 161/2019 и бр.229/2020) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 27.05.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

1.Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2022 год. на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци бр.01-129/1 од 12.05.2021 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-882/1
27.05.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ бр.143/2019 и 14/2020), член 84 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ бр. 161/2019 и бр.229/2020) и член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 27.05.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

1.Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2022 год. на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија, бр.01-44/1 од 12.05.2021 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-883/1
27.05.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов,с.р.**

---

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.05.2021 година, расправајќи по поднесените пријави од оштетени субјекти за настанати штети од појава на мраз на земјоделските површини и овошните и лозовите насади на територијата на општина Гевгелија, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

1.Се задолжуваат Претседателот и членовите на Општинската комисија за проценка и утврдување на висината на штетите предизвикани од елементарни непогоди во Општина Гевгелија да ги превземат поднесените пријави од оштетените субјекти (физички и правни лица) од општина Гевгелија за настанатите штети од појава на мраз на земјоделските површини и овошните и лозовите насади во периодот од 8-10 април 2021 година, да излезат на терен, да направат увид и да констатираат постоење на елементарна непогода, да направат проценка и утврдување на секоја индивидуална пријавена штета, да изготват збирен Извештај-Елаборат за проценетите штети, и да го доставатна усвојување до Советот на Општина Гевгелија во разумен рок.

2.Се задолжуваат стручните служби во Општина Гевгелија и членовите на Општинската комисија за проценка и утврдување на висината на штетите предизвикани од елементарни непогоди во општина Гевгелија да го испратат овој Заклучок до Владата на РСМ и до Републичката комисија за проценка и утврдување на висината на штетите предизвикани од елементарни непогоди, за да ги известат за постоење услови за прогласување елементарна непогода од штетите предизвикани од појава на мраз на територијата на општина Гевгелија во горенаведениот рок.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-884/1
27.05.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 18 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Р.М.",бр.79/09) и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.05/02), член 9 и член 10 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М." бр.38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и 275/19) и член 16 став (1) точка 34 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија", бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана 27.05.2021 година, донесе,

# ОДЛУКА
**за основање на заедничко јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња**

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се основа заедничко јавно претпријатие за општините Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица за заловување и третман на бездомни кучиња.

**Член 2**

Заедничкото јавно претпријатие е со назив Заедничко Јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“ - Струмица, со скратен назив ЗЈПЗБК „АСТРА-ЛУНА“ - Струмица.

Седиштето на Заедничкото јавно претпријатие е на ул. "Димитар Галев" бр.1Б Струмица.

Активностите на Заедничкото јавно претпријатие е заловување и третман на бездомни кучиња на подрачјето на општините Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица.

**Член 3**

Износот на средствата за основање Заедничко Јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА" - Струмица изнесува **4.269.792,00** денари, кои средства се обезбедени со учество на секоја општина и тоа според следниот износ:

| ОпштинивоЈугоисточниотпланскирегион | Износ | Учество во проценти |
|---|---|---|
| Богданци | 217.256,00 | 5,08% |
| Босилово | 224.256,00 | 5,25% |
| Валандово | 274.256,00 | 6,42% |
| Василево | 224.256,00 | 5,25% |
| Гевгелија | 737.000,00 | 17,26% |
| Дојран | 274.256,00 | 6,42% |
| Конче | 224.256,00 | 5,25% |
| НовоСело | 224.256,00 | 5,25% |
| Радовиш | 850.000,00 | 19,90% |
| Струмица | 1.020.000,00 | 23,88% |

Средствата во оваа табела се поделени на фиксно финансирање на годишно ниво за секоја општина поединечно, согласно одлуката донесена од страна на Советот за развој на Југоисточниот плански регион бр. 08-53/1 од 02.02.2021 год.

**Член 4**

Средствата за финансирање и редовно работење на заедничкото јавно претпријатие ќе се обезбедат од:

-Буџетите на општините основачи на претпријатието соодветно и пропорционално од секоја општина согласно член 3 од оваа Одлука;

-Од донации и спонзорства;

-Од давањето на услуги за кои е основано претпријатието.

**Член 5**

Дејноста на Заедничкото јавно претпријатие е заловување и третман на бездомни кучиња на подрачјето на општините основачи на оваа претпријатие, односно подрачјата на општините Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица.

Согласно националната класификација на дејности Јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња, ќе врши претежна дејност 01.49 Одгледување на други животни и тоа:

- Преземање на соодветни мерки се со цел ефикасна заштита на бездомните кучиња;
- Редовно хранење и напојување доколку е неопходно лекување на кучињата;
- Вршење контрола на бездомни кучиња во општините од Југоисточниот регион;
- Привремено сместување во прифатилиштето каде доколку е потребно да се кастрираат, здравствено да се третираат, да се изврши здравствена заштита и тест за социјализација согласно прописите од областа на ветеринарното здравство по што истите треба да се вдомат или вратат во областа од каде биле заловени;
- Вршење на еутаназација;
- Одбележување на бездомните кучиња со микрочип за идентификација;
- Да се применуваат и други методи за контрола на бездомните кучиња во Југоисточниот регион;
- Изготвување на повеќегодишен план и програма врз основа на кој ќе се врши контрола на бездомните кучиња и истата да се достави до Агенцијата за храна и ветеринарство на одобрување.

  Во функција на основната дејност Заедничкото јавно претпријатие ќе врши и други дејности во внатрешниот промет, и тоа:

- 75.00 Ветеринарни дејности
- 01.62 Помошни дејности за одгледување на животни
- 96.09 Останати лични услужни дејности, неспомнати на друго место

Заедничкото јавно претпријатие не може да врши промена на дејност, статут, назив и седиште без согласност на основачите.

**Член 6**

Заедничкото јавно претпријатие се организира на начин што ќе обезбеди:

- Техничко-технолошко и економскоединственонасистемот,
- Ефикасност и транспарентност во работењето,
- Развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој;
- Заштита и унапредување на добрата од општ интерес
- Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на производи и услуги и
- Самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

**Член 7**

Заедничкото јавно претпријатие се организира како единствено заедничко јавно претпријатие со **обврска** да формира подружница, за општините Гевгелија, Богданци, Дојран и Валандово, **откако ќе се изгради стационарот во Општина Валандово**, за што Управниот одбор на претпријатието ќе донесе посебна одлука на која основачите ќе дадат согласност.

Подружницата на јавното претпријатие нема својство на правно лице, но може да настапува во правниот промет во име и за сметка на јавното претпријатие.

Со подружницата раководи раководител што го именува директорот на јавното претпријатие по предходна согласност на Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

**Член 8**

Се ОВЛАСТУВА лицето Софче Јанева од Струмица, [redacted] со ЕМБГ [redacted], да ги извршува работите на Заедничкото јавно претпријатие до неговото конституирање.

Овластеното лице ќе ги врши работите за запишување на Заедничкото јавно претпријатие во Централен Регистар на Р.С.М. и ќе ги превземе сите мерки и активности за упис во Централен Регистар на Р.С.М. во согласност со законите се до уписот на заедничкото јавно претпријатие.

**Член 9**

Органите на Заедничкото јавно претпријатие се: Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење и Директор.

**Член 10**

Управниот одбор на Заедничкото јавното претпријатие се состои од пет (5) члена. Во Управниот одбор основачот предлага именување односно разрешување на претставници од редот на афирмирани и познати стручнаци во областа на предметот на работењето на Заедничкото јавно претпријатие, имајќи во предвид соодветна и правична застапеност на припадниците на сите заедници.

Членовите на Управниот одбор се именуваат со мандат од четири (4) години.

Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Советот за развој на Југоисточниот плански регион, на предлог на Советите на општините основачи.

**Член 11**

Управиот одбор на Заедничкото јавното претпријатие ги има сите овластувања да презема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на јавното претпријатие во согласност со законот.

1. Го донесува Статутот на заедничкото јавно претпријатие;
2. Ја усвојува Програмата за работа и развој на Заедничкото јавно претпријатие;
3. Ја утврдува деловната политика;
4. Ја усвојува Годишната завршна сметка на Заедничкото јавно претпријатие;
5. Го усвојува Извештајот за работењето на Заедничкото јавно претпријатие;
6. Одлучува за употребата на средства остварени со работењето на заедничкото јавното претпријатие и покривање на загубите;
7. Ги донесува Одлуките за инвестиции;
8. Ги утврдува цените на производите и услугите;
9. Одлучува за Внатрешната организација на Заедничкото јавното претпријатие и
10. Врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на заедничкото јавно претпријатие.

**Член 12**

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на Управниот одбор.

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор.

**Член 13**

За вршење контрола на материјално – финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие се формира Надзорен одбор за контрола на материјалното – финансиско работење составен од пет (5) члена.

Членовите на Надзорниот одбор се именуваат со мандат од четири (4) години.

Членовите на надзорниот одбор ги именува и разрешува Советот за развој на Југоисточниот плански регион на предлог на Советите на општините основачи.

**Член 14**

Предлагањето на членови на Управниот и Надзорниот орган од страна на Советите на општините основачи ќе се врши по пат на ротација.

Советите на општините кои предложиле членови во Управниот орган по истекот на мандатот од 4 (четири) години ќе предложат членови во Надзорниот орган, и обратно.

Советот на секоја од општините може да предложи разрешување само на членот на Управниот или Надзорниот орган кој самиот го предложил за именување.

**Член 15**

Директорот го избира градоначалникотна општината на чие подрачје е седиштето на заедничкото јавно претпријатие по предлог од комисијата од три члена, која ќе ги разгледува пристигнатите пријави, формирана од Советот за развој на Југоисточниот плански регион во постапка утврдена со закон.

Градоначалникот на општината на чие подрачје е седиштето на заедничкото јавно претпријатие може да именува вршител на должноста директор на заедничкото јавно претпријатие до изборот на директор, но најмногу до шест месеци.

**Член 16**

Конституирањето на органите на Заедничкото јавно претпријатие ќе се изврши во рок од шеесет (60) дена од денот на уписот на Заедничкото јавно претпријатие во Централен регистар на РСМ.

**Член 17**

Управниот одбор во рок од шеесет (60) дена од денот на неговото конституирање ќе го донесе Статутот на Заедничкото јавно претпријатие на кое согласност даваат основачите односно советите на општините Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица.

Со статутот на Заедничкото јавно претпријатие поблиску ќе се уреди организацијата, управувањето и раководењето со заедничкото јавно претпријатие, општите акти и постапката за нивното донесување, како и други прашања од значење за заедничкото јавно претпријатие.

**Член 18**

Сите одлуки усвоени од органите на Заедничкото јавно претпријатие се задолжителни за сите основачи и истите ќе се спроведуваат на единствен начин од страна на секоја општина, основач.

**Член 19**

Заедничкото јавно претпријатие за обврските во правниот промет со трети лица одговара со целиот свој имот.

Основачите/општините не се одговорни за обврските на заедничкото јавно претпријатие.

Заедничкото јавно претпријатиесо својство на правно лице се стекнува со денот на уписот во Трговскиот Регистар.

## II.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија", со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња, бр.09-1835/1 од 04.12.2020 година, "Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.15/2020 година.

**Член 21**

Примената на оваа одлука ќе отпочне откако сите десет општини основачи ќе донесат Одлука за основање на заедничкото јавно претпријатие.

Бр.09-886/1
27.05.2021 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---------------------------------------

# СОДРЖИНА:

## АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

1.Одлука за сопствено учество на Општина Гевгелија во проект за Изградба на зафатна градба, пумпна станица и доводен цевковод до постоечки резервоар во село Ума – општина Гевгелија..............................402
2.Одлука за кофинансирање на проекти на Граѓански организации во рамките на јавните повици организирани преку Регионалната програма за локалната демократија 2 (ReLoaD2)..................................................................403
3.Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско претстапништво во Општина Гевгелија....................................................404
4.Решение за давање согласност за зголемување на бројот на децата во воспитните групи во ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија..............................405
5.Решение за давање согласност на Правилникот за измени и дополнувањата на Правилникот за внатрешната организација на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија..........................................................................405
6.Решение за давање согласност на Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија..........................................................406
7.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2022 год. на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија...........................................407
8.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2022 год. на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија..............................................408
9.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2022 год. на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија..........................................408
10.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2022 год. на ООУ "Климент Охридски"-Миравци..........................................409
11.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2022 год. на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци.................................................409
12.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2022 год. на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија.............................................410
13.Заклучок за задолжување на Општинската комисија за проценка и утврдување на висината на штетите предизвикани од елементарни непогоди во општина Гевгелија..........................................................................410
14.Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња...............................................................411

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи, ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија